Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, бул. Илинден бр.2, 1000 Скопје, до 16.9.2019 година. Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: **Национална Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство-Глас против насилство**

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): **6764576**

Седиште и адреса (улица, број, општина): **ул.Христо Смирненски бр.16А Скопје**

Застапник: **Елена Димушевска-извршна директорка**

Веб страница**: www.glasprotivnasilstvo.org.mk**

Електронска пошта (e-mail): **coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk**

Телефонски број за контакт:**02/616-00-16**

Лице за контакт:**Елена Димушевска**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 18-09-2019
44 | 7076 | 1

**Предлог- иницијатива**
**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија**
**за 2020 година**

**Наслов на иницијативата:**<u>Унапредување на правата на жени жртви на насилство и семејно насилство преку пружење на адекватен систем на заштита и поддршка-**ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРОМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ И ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВО-да се дополни со број на службен весник**</u>

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

**-Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа;**

**- Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија;**

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија) преку промена или дополнување на закони и други акти по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија;

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија и јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа;**

**повеќе приоритетни цели:** унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите; воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите и унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита,намалување на родово базираното насилство и заштита на жртвите од овој вид на насилство, особено намалување на насилството врз жените како најчести жртви на насилство; усвојување на единствена правна рамка што ги уредува сите форми на родово базирано насилство со јасни и недвосмислени законски решенија со кои ќе се спречува насилството и ќе се штитат жртвите, како и да се донесат адекватни законски решенија за имплементација на мерките за заштита.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година.**

**Приоритет: Реформи во правосудството**

**1.Предлог одлука на Меѓународната класификација за кривични дела (ICCS)**

Судските статистики се еден многу важен сегмент особено податокот за жртвите во кривичните дела што се однесуваат за семејно насилство и насилство над жената - пол на жртвата, однос со сторителот на насилство и вид на насилство. Од особен интерес е и продуцирањето на индикатори за одржлив развој. Во согласност со член 18 од Законот за државната статистика по предлог на Државниот завод за статистика, Владата на Република Северна Македонија ги утврдува националните статистички стандарди. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел: започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија

**Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година.**

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство**[1] е формирана на 7 декември 2010 год. од дваесет граѓански организации кои работат на полето на спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство. Во годината која следуваше функциониравме како неформална мрежа сè до 16 декември 2011 год., кога и официјално се регистриравме како правен субјект. Нашата **визија** е создавање општество ослободено од насилство во кое жените ќе можат целосно да ги реализираат своите потенцијали и способност за креирање на општество на еднакви можности,м**исијата** на мрежата е координирано делување граѓански организации во насока на унапредување на политиките и практиките за справување со проблемот на насилство врз жените и семејно насилство. Мрежата се стреми кон препознавање на женските човекови права и нивна афирмација во Република Македонија. Глобалните активности на Мрежата се фокусирани во пет програми и тоа:

[1] http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/natsionalna-mrezha/za-nas/

**Програма 1**: Влијание на мрежата врз националните политики **Програма 2:** Актуелизирање на проблемот на Родово Базирано Насилство **Програма 3:** Организациска одржливост и зајакнување на човечките ресурси во рамки на организациите членки на Мрежата **Програма 4:** Женските организации како специјализирани сервиси **Програма 5:** Развивање на меѓународна (регионална) соработка.[2]

**Со оваа иницијатива сакаме да дадеме целосна поддршка на жени жртви на семејно и интимно партнерско насилство и нивните деца.**

**-краток осврт на моменталната ситуација-**

Во Македонија, секоја трета жена е жртва на семејно насилство. За оваа појава или се молчи, или пак жртвите се принудени сами да се борат за своите права, бидејќи со години наназад изостанува поддршка од институциите. Реперкусиите од ингнорирањето на овој проблем се далекусежни и оставаат простор, жените жртви на семејно насилство да се вбројат во една од најранливите групи, која истовремено се справува со повеќе сериозни животни предизвици. Системот за заштита за жените жртви на семејно насилство затајува. Правењето на план за напуштање на насилникот секогаш го вклучува домувањето и понатамошната финансиска стабилност. Многу мал дел од жените во Македонија имаат имот на свое име или пак живеат во стан/куќа во нивна сопственост. Затоа и напуштањето на заедничкото живеалиште значи или враќање кај родителите, или изнајмување стан/куќа под кирија која најчесто неможат да си ја дозволат и дополнително го оптоварува и онака нискиот буџет. Опцијата е или бездомништво, или насилство. Овој факт неретко е и една од причините за останување во насилната средина. Државата покрај обезбедување на доволен број на Шелтер центри за згрижување на жените жртви на семејно насилство и останати сервиси за поддршка, мора да развие и социјални мерки кои би вклучувале финансиска и материјална помош во првите две до три години од напуштање на насилната средина, а кои ќе им помогнат на жените жртви во ресоцијализацијата и отпочнување на нов живот без насилство. Дури и шелтер центрите да се функционални, можноста за нивно згрижување таму е три месеци со можност за продолжување на уште три што секако не го решава проблемот на понатамошна егзистенција. Дополнително, средствата кои треба да ги добиваат од другиот родител за издршка на децата се или прениски и не се доволни ни за задоволување на основните потреби, или воопшто не се исплаќаат. Ваквата безизлезна ситуација ги приморува да се вратат кај насилникот. Друга група жени пак, пријавува семејно насилство во полиција, но се застанува тука поради нефункционалноста на институциите, трети се враќаат кај своите семејства и многу често живеат во пренаселени домови или пак се сместени во домови на свои роднини. Сето ова е потребно за да се направат соодветни интервенции, пред се во законот за социјална заштита, законот за семејство и законот за домување.

**Во овој период** Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство подготвува предлог политики за можни решенија за финансиска поддршка на жени жртви на насилство и семејно насилство и истите до крајот на овој месец или почетокот на октомври ќе бидат јавно презентирани. Во истите ќе бидат и разработени моделите за **обезбедување на социјални пакети зависно од индивидуалните потреби на** секоја жена **и ќе се застапува** за нејзино усвојување и имплементирање кај донесувачите на одлуки, преку промена на законот за социјална заштита и законот за домување. **Исто така се работи на креирање на предлог политики поврзани со начинот на доделување и чување на малолетни деца и правот на видување со родителот/старателот како и одмерувањето на висината на издршка, која одлука ја носи судот согласно Законот за семејство.** Потребата за промена на моменталните законски решенија се во согласност со чл.31 од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство, во кој член се предвидува судот при мериторното одлучување за контактите/посетите помеѓу децата и родителите или други лица кои имаат семејно врски со децата, како и степенот и правата на видување да го зема во предвид насилството како фактор за одлучување, како и да се обезбедат законски мерки при спроведувањето на правото на посета да не се загрозува безбедноста на децата или жртвата на насилство. Во однос на висината на издршка во подготовка е документ кој ќе даде предлог политики за израмнување на реалните трошоци за издржување на дете/ца со определената издршка од судот.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

- преку воспоставување на ефективна рамка за поддршка на жените жртви на семејно насилство која ќе овозможи прекинување на насилството и превенција од случување на идно насилство
- предлог решенија за социјален пакет на услуги за жени жртви на семејно и интимно партнерско насилство и негово финансирање.

---

[2] http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2015/08/strateshka-ramka-2018-2020.pdf

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

ДА, БУЏЕТ НА РМ

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

-дополнително сите горе наведени предлог-политики и Анализа ќе Ви бидат доставени до крајот на месец октомври. Сите предлог политики се изработени од Националната Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство со поддршка на донатори.

Потпис на застапникот

12.09. 2019 година

Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство
ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО
СКОПЈЕ